**Проект:** ***Добра земјоделска пракса - богат биодиверзитет***

**Цел:** Зачувување на биодиверзитетот и структурата на почвата во полињата каде се одгледуваат житни култури

**Конкретни цели:**

- подигање на свеста кај населението за примена на добри земјоделски практики за намалување на негативното влијание врз животната средина;
- зачувување на биодиверзитетот (микрофлората и микрофауната) во почвата на која се одгледуваат житни култури;
- заштита на природните живеалишта на дивите животни во земјоделските посеви;
- намалување на употребата на вештачки (минерални) ѓубрива;
- правилно постапување и управување со земјоделскиот отпад;

**Локација на проектот:**

Проектот ќе се спроведе во атарот на четири општини Виница, Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево, односно во руралните средини во кои населението воглавно се занимава со одгледување на житни култури.

**Спроведувач на проектот:**

Здружение на жени земјоделки
АГРО-ВИНКА - Виница
ул. Ванчо Прке ББ
2310 Виница

Овој леток е изработен како дел од проектот *„Добра земјоделска пракса - богат биодиверзитет“* кој е спроведен во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија (ПЗП), проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) кој е координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем

# ЗАБРАНЕТО СО ЗАКОН

## СПАЛУВАЊЕ НА СТРНИШТАТА И ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ОТПАД ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОВРШИНИ

**„Тој што со пожар или со друго општоопасно дејствие или средство ќе предизвика значителна опасност за животот на луѓето или за имот од големи размери, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години“**

Согласно член 288, став 1 од Кривичниот Законик на Република Македонија



Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА

*АГРО-ВИНКА*
*Виница*

***Да ја зачуваме природата!***











*Проект:*

# *ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПРАКСА*

# *БОГАТ БИОДИВЕРЗИТЕТ*

**СПРАВУВАЊЕ СО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ОТПАД ОД ПОЛИЊАТА ЗАСАДЕНИ СО ЖИТНИ КУЛТУРИ**

## ГЛАВНА ТЕМА

Зачувување на природата и биолошката разновидност со примена на добри земјоделски практики, **спречување на палењето на жетвените остатоци** од одгледувањето на житните култури (слама, стрништа и стебла и лисја од обрана пченка) и контролирана употреба на вештачки ѓубрива и пестициди.

## НЕГАТИВНИ ВЛИЈАНИЈА

Спалувањето на стрништата и отпадот директно на земјоделските површини предизвикува:

- Уништување на целата почвената микрофлора, микрофауна и други микроорганизми кои се многу корисни за подобрување на квалитетот на почвата, почвената структура и производство на хумус;
- Уништување на корисна органска материја која воедено претставува и органско ѓубриво;
- Уништување на дивиот животински свет како и нивните живеалишта со што се нарушува билошката рамнотежа;
- Загадување на површинските и подземните води и загрозување на водните тела;
- Загадување на воздухот при согорувањето на органската материја;
- Емисија на стакленички гасови кои се главни причинители за климатските промени;
- Предизвикување материјални штети и загрозување на безбедноста на луѓето и материјалните добра.

Количината на жетвени остатоци во растителното производство зависи од растителниот вид, сорта како и од временските услови и климатските карактеристики на подрачјето. Кај пченица количината на слама е од 3-7 т/ха, кај пченката од 8-12 т/ха, кај сончогледот 3-6 т/ха итн.

* * *

Производството на оризова слама во Македонија во просек за изминатите 20 години е 37 411 тони годишно од кои најголем дел се наоѓа во кочанскиот регион.

## ДОБРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ОТПАД ОД ЖИТНИТЕ КУЛТУРИ

*1. Собирање на отпадната био-маса и употреба како:*

- Храна за стоката непосредно или преработена;
- Постирка во сточарството;
- Суровина за добивање на хартија и целулоза;
- Суровина за производство на хумус преку компостирање на отпадната биомаса;
- Био–гориво при директно согорување или преработка и производство на пелети и брикети;
- Суровина за производство на градежно-изолационен материјал;

*2. Директно заорување на отпадната био-маса во почвата.*

Со заорувањето, отпадната био-маса се вклучува во процесот на кружење на органската материја во почвата, се потикнува биолошката активност на почвата, позитивно влијае на структурата и водно-воздушниот режим и топлинските карактеристики на

Топлотната моќност на брикетите и пелетите од слама се движи од 15 до 18 MJ/кг. За споредба, калоричната вредност на дрвото изнесува околу 17,8 MJ/кг (10% влажност).

## ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ И ЗАБРАНИ

Согласно член 46, став (2) од Законот за земјоделско земјиште ***“се забранува палење на оган во посевите, во стрништата и во нивна близина.“***

Согласно член 24-а од Законот за управување со отпад ***“Забранeто е оставање, фрлање, напуштање, спалување или неконтролирано отстранување на отпадот“.***

Согласно член 12 од Законот за заштита на природата ***“Забранeто е користење на природата на начин кој се предизвикува:***

***1) оштетување или уништување на биолошката и пределската разновидност;***

***2) деградација на почвата и губење на нејзината плодност;***

***3) оштетување на површинските или подземните геоморфолошки вредности;***

***4) загадување и промена на режимот на водата и***

***5) загадување на воздухот.“***

Согласно член 288, став 1 од Кривичниот законик се вели “***Тој што со пожар или со друго општоопасно дејствие или средство ќе предизвика значителна опасност за животот или телото на луѓето или за имот од големи размери, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години“.***

Согласно овие законски одредби и ограничувања овластениот инспектор за земјоделие , овластениот инспектор за животна средина и полициски службеник може да изречат мандатни казни со парична глоба за сторен прекршок или поведување на кривична постпапка.